**Интервју, Утрински Весник, сабота-недела, 13-14. јуни, 2009 г.**

# ММФ ЌЕ И ПОМОГНЕ НА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНИЈА ЌЕ ИМА ПОТРЕБА ОД ПОЗАТЕГНАТА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА, ПОЗАТЕГНАТА ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА ИЛИ, ПАК, ПОГОЛЕМО НАДВОРЕШНО ФИНАНСИРАЊЕ, ВЕЛИ ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР ЗА ЕВРОПА ВО ММФ, Марек Белка

**Соња Маџовска,**

**Господине Белка, што покажуваат анализите на ММФ, дали веќе се чувствуваат првите знаци на закрепнување од глобалната економска криза?**

Глобалната економија останува во рецесија, но стапката на опаѓање се ублажува и се приближуваме повторно кон развојот. Резултатите за БДП од првиот квартал беа многу слаби. Сепак, скорешните податоци наведуваат дека стапката на намалувањето на потрошувачката, трговијата и на производството се смирува, додека довербата на потрошувачите се помести од ниското ниво, а продажбата на мало, главно, се зацврсти. Но, банкарските системи во развиените економии остануваат под стрес, а и ризиците за опаѓање сеуште се присутни.

**Неодамна ММФ прогнозираше дека и тие први знаци на заздравување ќе бидат залудни ако банките од еврозоната**

**не ја одржат стабилноста. Има ли опасност да се случи тоа?**

За да се осигура заздравувањето и враќањето на самоодржливиот растеж, потребно е креаторите на политиката дополнително да преземаат одлучни активности, посебно во финансискиот сектор. Условите за кредитирање се олеснија, но потребна е повеќе проактивна стратегија за справување со ослабениот финансиски систем, што вклучува и прегледување на потребите од капитал за управување со рецесијата, чистење на финансискиот систем од штетни основни средства и преструктурирање на ослабените институции. Приоритетно е да се исчистат билансите на банките. Сé додека не се направи ова, финансиските системи ќе останат во облакот на несигурност и странските заеми е неизвесно дека ќе се повратат.

**Едно време владееше мислење дека земјите од регионот може да заглават во голема криза ако се повлечат странските банки, со прекинување на дотокот на средства од мајките во банките ќерки. Што покажуваат Вашите анализи, се избегна ли најлошото?**

Во економиите во развој во Европа, финансиските пазари покажуваат знаци на нормализација и суверените финансиери го повратија својот пристап до пазарите. Меѓутоа, приливот на капитал до пазарите на земјите во развој, посебно заемите на банките, остануваат колебливи, а корпорациите кај економиите во развој сеуште се соочуваат со големи и повторливи ризици. Во однос на Македонија, охрабрени сме дека банкарскиот систем изгледа дека е релативно моќен. Веројатно кредитниот растеж

нагло ќе забави по минатогодишното ниво, бидејќи банките се соочуваат со позатегнати услови на ликвидност, но билансите се покажуваат доволно силни за да го издржат опаѓањето без поголема штета. Секако, секогаш е потребна будност за властите да можат да одговорат на секаков проблем, веднаш кога би се појавил.

**Меѓународниот монетарен фонд најави дека и натаму ќе им дава помош на сите земји чии економии се најмногу погодени поради актуелната глобална економска криза. Каква е новата улога на ММФ?**

Подготвени сме да обезбедиме значајно финансирање како поддршка на цврстите економски програми кои соодветствуваат на предизвиците.

**Дали сте задоволни од досегашната мисија на Фондот во борбата против последиците од светската криза?**

Да, тоа што го имаме сега е новиот ММФ. На располагање на Фондот се поголеми средства, износот на средствата е трикратно поголем, некои земји сеуште обезбедуваат дополнителни средства. Како што светската економија беше зафатена од најтешката криза во многу генерации, ММФ се мобилизираше на многу фронтови со цел да им помогне на земјите-членки, преку зголемување на своите заеми, користејќи го своето меѓународно искуство да советува за стратегиски решенија, воведувајќи реформи за модернизирање на своето дејствување со што стана поприемлив спрема потребите на

земјите-членки. ММФ брзо одговори на глобалната економска криза со обврзување за кредитирање до рекордно ниво од 157 милијарди американски долари, вклучително со наглото зголемување на концесионални кредити за најсиромашните земји во светот. Постои голема побарувачка за следењето, предвидувањата, како и советите за политики од страна на Фондот, врз основа на стекнатите сознанија за глобалните перспективи, како и искуствата од поранешните кризи. ММФ ја обнови својата општа рамка за кредитирање, правејќи ја посоодветна на потребите на земјите и ги рационализираше условите за кредитите. ММФ создава широка финансиска заштитна мрежа за да ограничи проширување на кризата преку добивање гаранции за трикратно зголемување на средствата на ММФ, како што е потврдено од членките на Г-20. ММФ придонесува за континуиран напор за извлекување лекции од кризите, за политиките, регулативата и за реформите на глобалната финансиска архитектура.

**Македонија повеќе од десет години соработува со ММФ и можеме да констатираме дека Фондот и помогна на нашата земја. Моментно Македонија нема аранжман со Фондот. Владата барем јавно не дава знаци дека е подготвена да склучи аранжман со Фондот. Која е Вашата препорака?**

По турбулентниот период во раните деведесетти години, Македонија измина долг пат во правец на подобрување и одржување на макроекономската стабилност. Во текот на повеќе години, инфлацијата беше на ниско ниво, фискалниот дефицит

низок и курсот стабилен. Клучни чекори за либерализирање на цените и на надворешнотрговскиот режим беа преземени во деведесеттите, како и завршена приватизацијата на општествените претпријатија, исто така. Владата, која дојде во август 2006 година, се фокусираше на прашањата за дерегулација на економијата. Се разбира, тековната меѓународна финансиска и економска криза поставува предизвици во случајот со Македонија, основната грижа е високиот дефицит на тековната сметка од околу 13 проценти од БДП минатата година со слично ниво на дефицит проектирано за годинава. Со цел да се намалат надворешните притисоци, Македонија ќе има потреба од позатегната монетарна политика, позатегната фискална политика или, пак, поголемо надворешно финансирање. Фондот е во подготвен став да и помогне на Македонија на начин што ќе биде најкорисно. Фондот е отворен да го дискутира со властите обезбедувањето техничка помош, советување за креирање политики или за финансиска подршка.

**Факт е дека ММФ дава евтини заеми за земјите да ја пребродат кризата. Но, воспоставува и строги правила на игра и барања до владите во тие држави. Доколку Македонија склучи аранжман со Фондот, какви услови ќе им испорачате на македонските власти?**

Доколку се побара од страна на властите, ќе ја поддржиме економската програма предложена од страна на Владата на Македонија, а која се осврнува на предизвиците и има добра перспектива за успех. Деталите ќе зависат од разговорите со

властите.

**Во Македонија најгорливите проблеми се опасноста од девалвација на националната валута и големиот и трговски и буџетски дефицит. Какви мерки и препорачувате на Владата за полесно да излезе од оваа состојба?**

Ова ќе треба да се реши со властите. Здравата фискална и монетарна политика ќе бидат централни.

**Како ги коментирате контрадикторните политики што ги водат Владата и Народна банка на Македонија?**

И централната банка и Владата веќе презедоа битни чекори во правец на економскиот развој. НБРМ постепено ја затегнува монетарната политика преку зголемување на каматната стапка и исполнување на резервите. Ова треба да помогне да се намалат надворешните притисоци. Со ребалансот на буџетот, одобрен од страна на Собранието минатата недела, се намалуваат трошоците како одговор на намалувањето на приходите. Ова е чекор во права насока. Во таа насока, поголемиот број стратегиски активности беа правилни, така што не гледам контрадикторни политики. Како што развојот во светот постепено се зголемува, притисокот треба постепено да се олабавува. Во меѓувреме, владите треба да бидат подготвени да преземаат дополнителни мерки доколку биде потребно тоа.

**ММФ прогнозираше пад на БДП на Македонија за два отсто, додека нашата Влада инсистира дека годинава ќе имаме**

**раст од еден процент. Кој ќе излезе на крајот дека бил во право?**

Сметаме дека е малку веројатно оти македонската економија ќе расте годинава, согласно со податоците што досега се објавени, како што се намалените даночни приходи, намаленото индустриско производство, како и согласно со трендот на растеж кај земјите во регионот. Оттаму, дозволете ми да нагласам дека проекциите за растеж се подложни на значителни неизвесности. На крајот, тоа што е најзначајно не е кој ја има најточната проекција за растеж, туку битно е да се има сеопфатен и здрав план за одржување на макроекономската стабилност. Ваков план може да се базира на различни проекции за растежот.

**Како ги гледате економските перспективи на Македонија на среден период во споредба со земјите од регионот?**

Среднорочните перспективи се добри. Континуирана макроекономска стабилност, тековни структурни реформи кои ја подобруваат бизнис-климата и значаен потенцијал да се следи европската економија може да се очекува да водат кон непрекинат растеж кога светските економски услови ќе се вратат на нормала.